РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД
ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА
КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ ОХРИД
Бр. 04-180/1
07.02 2019 год.
ОХРИД

**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД**

*НУ Завод и Музеј - Охрид, ул. "Боро Шаин" бр. 10, П.Фах. 95, 6000 Охрид, Република Македонија,*
*тел. 046/262-498; 046/231-300; факс 046/231-302, Музејска зграда Робевци 267-173; e-mail. zimohrid@yahoo.com*
*жиро сметки: буџетска 180100907560319 и сопствена 180100907578716*

Врз основа на член 21 и член 23, став 4 од Законот за работните односи (Сл.весник на РМ бр.62/05; 106/08; 161/08; 114/09; 139/09; 149/09; 50/10; 124/10; 47/11; 11/12; 39/12; 13/13; 25/13; 170/13; 187/13; 113/14; 20/15; 33/15; 72/15; 129/15; 27/16), член 77-ж од Законот за културата (Сл.весник на РМ бр. 31/98; 49/03; 82/05; 24/07; 116/10; 47/11; 51/11; 136/12; 23/13; 187/13; 44/14; 61/15; 154/15; 39/16 и 11/18), член 20-д, став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр. 27/14; 199/14; 27/16 и 35/18), согласно Согласноста од Министертвото за финансии бр. 18-16690/2 од 21.11.2018 година и согласно член 13, став 2, алинеја 7 од Статутот на Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид, в.д. директорот ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за избор на 1 (едно) лице помошно-технички персонал, Хигиеничар
по објавен Јавен оглас за вработување бр. 01/2018

### Член 1

Согласно објавениот Јавен оглас за вработување на лица на неопределено работно време во Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид бр. 01/2018 и Предлогот за избор на кандидат за работната позиција КУЛ0401Б03001, Хигиеничар, бр. 04-179/2 од 06.02.2019 година, доставен од страна на Комисијата за спроведување на постапката за вработување, за работното место наведено во Јавниот оглас под став II точка 3 - КУЛ0401Б03001, Хигиеничар, се избира лицето Фикрета Османоска.

## О б р а з л о ж е н и е

Постапката за вработување во Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид ја спроведе Комисија определена од страна на Министерството за култура на РМ (Допис бр. 27-13657/4 од 27.12.2018 год.).

Комисијата, по административната проверка на пријавите, на ден 30.01.2019 год., во просториите на Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид спроведе Интервју во писмена форма со пријавените кандидати за работната позиција КУЛ0401Б03001, Хигиеничар.

Комисијата за спроведување на постапката за вработување ги разгледа и оцени одговорите кои пријавените кандидати ги дадоа на прашањата поставени на Интервјуто и по извршеното оценување, кандидатите ги рангираше по следниов редослед:

1. Фикрета Османоска
2. Михаела Влавчевска
3. Милена Угриноска
4. Весна Илинчев
5. Татјана Малезанова

Комисијата изготви Предлог до в.д. директорот за избор на кандидат за работната позиција КУЛ0401Б03001, Хигиеничар, со кој предложи да се избере прворангираниот кандидат, Фикрета Османоска.

Согласно чл. 21 од Законот за работните односи и чл. 77-ж од Законот за култура, в.д. директорот на Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид, на предлог на Комисијата, го избра лицето Фикрета Османоска за работното место КУЛ0401Б03001, Хигиеничар.

Заради претходно наведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна поука: Против оваа Одлука, незадоволните кандидати имаат право во рок од 8 (осум) дена да поднесат жалба до Управниот одбор на Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид.

в.д директор,
Елеонора Новаковска